ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 04-5734
26.11.2025 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 144/25), член 22 и член 23 од Законот за работните односи, член 37-г и член 37-и од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/2022,274/22 и 208/24), Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор ("Службен весник на РМ" бр.34/2015), Правилник за систематизација на работни места во ЈПВ Лисиче-Велес број 01-204/1 од 28.04.2020 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства заверено со архивски број 19-2534/2 и 19-2797/2 од 12.05.2025 година , ЈПВ Лисиче-Велес објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр.04/2025
за вработување на неопределено време на1(еден) давател на јавни услуги во ЈПВ Лисиче-Велес

ЈПВ Лисиче-Велес ,со седиште на ул."Вардарска" бб. Велес, тел.043-212-442, e-mail: jpvlisice@gmail.com има потреба од вработување на:

1. **Главен инженер за градежни работи,** со статус на давател на јавни усуги, со шифра КДР 0305 Б01 090 -1(еден) извршител со исполнување на следниве услови:

- Стручни квалификации: За нивото Б01 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен,
- Вид на образование: Градежништво и водостопанство,
- Работно искуство: 3 години работно искуство во струката

Покрај горенаведените посебни услови, заинтересираност кандидат треба да ги исполнува и општите услови за вработување согласно Законот за работни односи и тоа:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност и

Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до петок,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: прва смена

Нето износот на основната плата изнесува 40 782,00 денари.

Кон пријавата заинтересираните кандидати потребно е да достават:
- Кратка биографија
- Доказ за завршен степен на образование,
- Уверение за државјанство,
- Лекарско уверение за општа работна способност
- Доказ дека не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност.,

Потребни општи работни компетенции на Б нивоа:
-За нивото Б 1:

- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон странките и
- раководење

Документите се доставуваа во оригинал или копија заверена на нотар.

Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавување во дневен печат.

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати изборот ке се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати изборот ке се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од канцелариите на јавното претпријатие или на веб страната www.jpvlisice.mk

Пријавите со потребните документи да се достават во запечатен плик на адреса: ЈПВ Лисиче-Велес , ул."Вардарска" бб. Велес, со ознака "Јавен оглас за вработување бр.04/2025", по пошта или во архивата на ЈПВ Лисиче-Велес секој работен ден од 7 часот и 30 минути до 15 часот и 30 минути.

Некомплетните, ненавремени и неуредно пополнети пријави нема да се земат во предвид при разгледувањето.

Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на пријавите и веродостојноста на доставените податоци и докази во прилог на пријавата. По завршување на постапката за селекција ќе се спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Постапката за селекција и интервју ќе ги спроведе Комисија формирана од ВД Директорот на ЈПВ Лисиче-Велес. По завршување на постапката, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

ЈПВ Лисиче-Велес

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

ПРИЈАВА	
ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСОТ	
Број на оглас:	
Реден број,шифра и работно/и место/а во огласот за кое/и се пријавувате:	
ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (податоци од лична карта)	
Име и презиме:	
Датум и место на раѓање:	
Пол:	☐ М ☐ Ж **означете со Х*
ЕМБГ:	
Припадност на Заедницата	
Адреса на живеење: *внесете улица, број и место	
КОНТАКТ ПОДАТОЦИ	
Место на живеење *внесете улица, број и место	
Телефон:	
е-пошта:	
Кратко мотивационо писмо	
Кратка биографија	
ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ	

Дали сте државјанин на Република Македонија	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Дали активно го користите Македонскиот јазик	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Дали сте психо-физички здрав и способен за работа?	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Дали сте полнолетни	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Дали имате забрана за вршење на професија, дејност или должност	☐ Да ☐ Не **означете со X*
ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ	
Дали имате завршено соодветна стручна подготовка	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Степен на образование	☐ III ☐ IV ☐ VI ☐ VII/1 ☐ VII/2 ☐ VIII **означете со X*
Работно искуство *Доколку поседувате работно искуство внесете колку години, месеци и во кое претпријатие	
ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ(доколку се бара)	
Поседување на возачка дозвола категорија Б	☐ Да ☐ Не **означете со X*
Кон пријавата доставувам	
НАПОМЕНА: Доколку при проверка се утврди дека доказот е лажен, Комисијата ја отфрла пријавата и го известува Министерството за информатичко општество и администрација, кое води Регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор.Кандидатот кој доставил лажни докази за исполнување на условите не може да се вработи во јавниот сектор во период од десет години од денот на известувањето.	
Датум на пријавување:	
Потпис на кандидатот:	